ИСОС | Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

**Управен одбор на Институтот на сметководители и**
**овластени сметководители на Република Македонија**
**Архивски број** 394/0202
**25.07.2023 година**

Врз основа на Одлуката за утврдување на висина на надоместоците на органите на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, усвоена од Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (понатамошен текст Институтот или ИСОС) на 2-рата седница на Собранието одржана на 20.06.2023 година, со арх. бр. 0201-356 од 20.06.2023 година, Управниот одбор на ИСОС, на својата 4 (четврта) седница, одржана на ден 25.06.2023 година го усвои следното

# РЕШЕНИЕ

## Член 1

Се потврдува следната висина на надоместоци на органите на Институтот:

- За **членови на Собранието**, се потврдува надоместок од 20% од просечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходната година објавена од Државниот завод за статистика, за секоја одржана седница, во износ од: **6.873,00 мкд. денари**;
- За **членови на Надзорен одбор**, се потврдува месечен паричен надоместок за својата работа за тековната година во висина од 50% од просечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходната година објавена од Државниот завод за статистика, кој се исплатува доколку се одржи најмалку една седница во месецот, за кој се исплатува надоместокот, во износ од: **17.182,00 мкд. денари**;
- За **членови на Управен одбор**, се потврдува месечен паричен надоместок за тековната година во висина од 50% од просечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходната година објавена од Државниот завод за статистика, кој се исплатува доколку се одржи најмалку една седница во месецот, за кој се исплатува надоместокот, во износ од: **17.182,00 мкд. денари.**

Просечната месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходната (2022) година објавена во соопштение бр. 4.1.23.16 од Државниот завод за статистика и изнесува **34.364,00 мкд. денари**, Соопштението од Државниот завод за статистика претставува составен дел на ова Решение.

**Член 2**

За членовите на органите на Институтот, се потврдува исплата на патни трошоци од 15% од цената на горивото-бензин 95 за изминат километар од место на живеење наведено во личната карта, на денот на одржување на седницата.

Пропуштањето да се достави доказот од претходниот став е основ за неисплата на патните трошоци.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, при што истото задолжително се изменува и дополнува согласно износот на просечната месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходната година објавена од Државниот завод за статистика, а таквото официјално соопштение од Државниот завод за статистика претставува составен дел од измените и дополнувањата на Решението.

Се овластува Сметководителот на ИСОС да извршува редовна исплата на предвидените надоместоци и патни трошоци согласно ова Решение, цитираната Одлука на Собранието, Законот за вршење на сметководствени работи и Законот за сметководство на непрофитните организации.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**

**на Управниот одбор на ИСОС**

*Весна Црвентоска*

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИСОС 1 СКОПЈЕ